Врз основа на членот 12, став 2 и 3 од Законот за комунални дејности („Службен весник на РМ“ бр. 95/012). Советот на Општина Кочани, на седницата одржана на ден 25.09. 2013 година, донесе

# ОДЛУКА

## за изменување и дополнување на Одлуката за комунален ред на општината Кочани

### Член 1

Во Одлуката за комунален ред на општината Кочани („Службен гласник на општина Кочани“ бр. 2/98,16/08 и 11/010, членот 155 се менува и гласи:

Во градот Кочани се забранува чување секаков вид крупен и ситен добиток и перната живина (коњи, маски, магариња, свињи, овци, кози, кокошки, гуски, мисирки, пајки и сл.).

### Член 2

Во членот 156, став 1 зборовите „како и зајаци“ се бришат.

Ставот 2 од истиот член се брише.

### Член 3

Членовите 157 и 158 се бришат.

### Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“, а ќе се применува од 1.01.2014 година.

Бр.07-2197/1
25.09.2013 година
К о ч а н и

Претседател
на Совет на Општина Кочани,
Иван Иванов

Член 138

Животните скитници се еутанизираат или пак се уништуваат на друг начин.

Член 139

При ерадикација на животните, давателот на услугата соработува со ветеринарното претпријатие.

Член 140

Животинските мрши и отпадоци од животинско потекло нештетно се отстрануваат во кафилерија или со спалување во крематориуми, фрлање во јами, гробници или со закопување на гробишта за животни или на друго соодветно место што ќе го определи ветеринарен инспектор.

**15. Украсување на населени места**

Член 141

Под украсување на населени места во смисла на оваа одлука се подразбира украсување на населени места со разни украси, светилки и сл. по повод државни празници "Нова Година" и сл.

Член 142

Украсувањето на населените места го врши јавно претпријатие или физичко или правно лице со дозвола, и под надзор на главниот архитект.

Забрането е да се оштетуваат украсите во населените места.

16. Одржување на јавни санитарни јазли.

Член 143

Јавните јазли ги одржува КЈП "Водовод" Кочани.

Член 144

Јавните санитарни јазли мора да бидат опремени со соодветна санитарна опрема, да бидат чисти и исправни за употреба.

Член 145

За користење на јавните санитарни јазли може да се наплаќа надоместок.

Член 146

Забрането е оштетување на санитарната опрема.

**17. Аерозапрашување**

Член 147

Под аерозапрашување во смисла на оваа одлука се подразбира уништување на инсекти, естопаразити и други штетници.

Член 148

Аерозапрашувањето го врши физичко или правно лице со дозвола (давател на услуга).

Член 149

Аерозапрашувањето се врши по потреба.

Член 150

Давателот на услугата е должен правовремено да ги информира граѓаните за аерозапрашувањето преку средствата за јавно информирање и тоа за времето и средствата со кои се врши аерозапрашување.

**18. Дератизација, дезинфекција и дезинсекција**

Член 151

Под дератизација во смисла на оваа одлука се подразбира уништување на стаорци и глувци, а под дезинфекција се подразбира уништување на микроорганизми во воздух и во објекти.

Член 152

Дератизација, дезинсекција и дезинфекција врши физичко или правно лице со дозвола (давател на услуга).

Член 153

Дератизација, дезинсекција и дезинфекција се вршат на јавни површини, комунални, станбени и деловни објекти.

Член 154

Вршењето на дератизација, дезинсекција и дезинфекција на станбен и деловен простор паѓа на товар на сопствениците односно корисниците на објектите.

**19. Чување на крупен и ситен добиток, перната живина, зајаци и сл.**

Член 155

Во централното градско подрачје на град Кочани се забранува држење на секаков вид крупен и ситен добиток и перната живина (коњи, маски, магариња, свињи, овци, кокошки, гуски, мисирки, пајки и сл.)

Во останатите делови на градот може да се чува добиток и перната живина, со обезбедување на хигиенски услови и одалеченост на објектите за чување, од објектите за живеење, од најмалку 10 м.

Член 156

По исклучок на одредбата од член 155 од оваа Одлука, во градот Кочани може да се чуваат гулаби и други егзотични птици, како и зајаци, и тоа само во сопствена индивидуална станбена зграда, во која живее само едно домаќинство.

До колку гулабите го пореметуваат нормалното живеење на соседите на било кој начин, комуналниот инспектор може да нареди преместување или забрана за нивно чување.